# Политика за
# статистичка доверливост

# Политика за статистичка доверливост

## Цел на политиката

Државниот завод за статистика (во понатамошниот текст ДЗС) прибира податоци за физички и правни лица кои имаат третман на доверливи информации. Резултатот на статистичката обработка може, исто така, да генерира информации кои се сметаат за доверливи, како на пример: анонимизирани микроподатоци, табели со многу ниско ниво на агрегација, како и сѐ уште необјавени податоци. Политиката за статистичка доверливост има за цел да ги постави основните начела кои се применети во ДЗС, а произлегуваат од:

- Законот за државната статистика (http://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx)
- Кодекс за работа на Европската статистика (http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=2)
- Резолуцијата на Обединетите нации за Основните принципи на официјалната статистика (http://unstats.un.org/unsd/dnss/gp/FP-New-E.pdf)

## Управување со доверливи податоци

- Безбедноста на доверливите информации во ДЗС е гарантирана со примена на правни, организациски и технички мерки со кои се контролира пристапот во согласност со Политиката за информациска безбедност.
- Заштитата на статистичката доверливост е комплексен концепт и опфаќа повеќе фази од статистичкиот бизнис процес модел: прибирање на податоци, обработка и дисеминација.
- Извештајните единици се информирани за мерките за заштита на доверливите податоци и за тоа дека податоците се користат исклучиво за статистички цели.
- Електронското доставување на податоци се одвива во стриктно контролирано опкружување со примена на енкрипција.
- Пристапот до базите со индивидуални податоци кои се во фаза на прибирање или обработка е строго контролиран на ниво на мрежа, база и апликација со користење на лозинки во согласност со Политиката за информатичка безбедност.

**Обврски на вработените**

- Сите вработени се обврзани да ја чуваат тајноста на личните и индивидуалните податоци на извештајните единици со кои ќе дојдат во контакт во текот на своето работење.
- Вработените ангажирани во процесот на прибирање, обработка и чување на доверливите податоци потпишуваат изјави за заштита на статистичката доверливост на податоците со што потврдуваат дека се запознаени со обврската за заштита на податоците која продолжува и по напуштањето на ДЗС.
- Континуирано се работи на едуцирање на вработените и подигнување на свеста за значењето на статистичката доверливост, нејзините аспекти, правните основи, процедурите, а пред сè фактот дека најслабата алка во системот е секогаш човечкиот фактор, а не правните и технолошките мерки.

**Дисеминација**

- Државниот завод за статистика како институција и поединечно, вработените, не смеат да објават/дадат пристап до:
  - индивидуални статистички податоци;
  - статистички податоци кои може да се комбинираат со други податоци и тоа би можело да доведе до разоткривање на единицата на која се однесуваат;
  - агрегирани статистички податоци за кои не се применети препорачаните мерки за заштита од статистичко разоткривање;
  - табели и други информации како и нацрт-публикации и соопштенија кои се сè уште во фаза на подготовка, односно сè уште не се објавени. Нацрт -текстот останува доверлив и по публикувањето на финалната верзија;
  - податоци кои не се објавени на ниво планирано со Програмата за работа на ДЗС, без почитување на процедурата за необјавени податоци и претходно одобрување од директорот на ДЗС;

- Публикуваните официјални статистички податоци нема да разоткријат некоја индивидуална информација за лице или деловен субјект во согласност со Законот за државната статистика.
- За заштита на податоците во фазата на дисеминација се применуваат различни методи и алатки во зависност од формата на дисеминација (микроподатоци или агрегирани податоци).
- Податоците прибрани преку статистичките истражувања или, пак, директно од административни извори, може да се користат исклучиво за статистички цели и се објавуваат како агрегирани податоци од кои не може да се идентификува единицата на која се однесуваат податоците.
- По исклучок, само со писмена согласност од извештајната единица може да се објават податоци од кои индиректно би можела да се идентификува единицата.
- Единствен исклучок кога може да биде даден пристап до анонимизирани микроподатоци на регистрирани истражувачки институции и регистрирани истражувачи е за научно-истражувачки цели:
    - правото за пристап не се подразбира само по себе туку се разгледува секое барање одделно од страна на Комитетот за статистичка доверливост;
    - правото на пристап до анонимизирани микроподатоци се базира на потпишан договор со истражувачот и негова изјава за заштита на податоците.